ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола

ул. „Јане Сандански“ бр.15
7000 Битола, РС Македонија
тел.: +389 076 511 811
Даночен број: МК 400 2023571495
Жиро сметка: 210 077165670 158
НЛБ Банка АД Скопје

## - КЛАСА 10 -
## Осигурување од одговорност од употреба на моторни возила

# УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ ВО ДОМАШЕН И МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОТ СО ОРГАНИЗАТОР НА ПРЕВОЗ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# КЛАСА 10 - ОСИГУРУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ ОД УПОТРЕБА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА

## *УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДГОВОРНОСТА НА ПРЕВОЗНИЦИТЕ ВО ДРУМСКИОТ СООБРАЌАЈ ВО ДОМАШЕН И МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОТ СО ОРГАНИЗАТОР НА ПРЕВОЗ*

## ОПШТИ ОДРЕДБИ ВРЗ КОИ СЕ УТВРДУВА ОДГОВОРНОСТА

Со овие Услови се регулираат меѓусебните права и обврски, помеѓу организатор на превозот на стоки во домашен и меѓународен транспорт, како Осигуреник и Акционерско друштво за осигурување Зоил Македонија Битола како Осигурувач на одговорноста на осигуреникот како организатор на превозот за штети настанати по негова вина, према корисниците на превозот.

Одговорноста на осигуреникот се утврдува според одредбите од овие Услови и:

1. Законот за Договорите за превоз во патниот сообраќај (Сл.весник на РСМ бр. 23/2013 од 14.02.2013 со сите подоцнежни измени и дополнувања)
2. Законот за облигациони односи ("Сл.весник на РСМ"бр. 18/2001) (со исклучок на одредбите од членовите 704 до 741)
3. Конвенцијата за договорите за меѓународен друмски превоз на стоки ЦМР ("Сл.весник на РСМ", бр. 8/94)
4. Условите на осигурувачот за осигурување на одговорноста на превозниците во друмскиот сообраќај во домашен и меѓународен транспорт.

Со овие Услови не е осигурена вондоговорната одговорност на Осигуреникот.
Согласно овие услови, предмет на осигурување не е:

1) општата одговорност која произлегува од дејноста на Осигуреникот (организатор на превоз)
2) одговорноста на Осигуреникот (организатор на превоз) за штети настанати на трети предмети и штети настанати како последица на загадување на средината (еколошки штети) при превоз на опасни материи

Осигурувачот на барање на осигуреникот му издава годишна полиса за осигурување на македонски и англиски јазик, во која е договорена висината на осигурителното покритие по возило на годишно ниво и минималната годишна премија.

## ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

### Член 1

1.1. Ова осигурување ја покрива одговорноста на:
1.2. Осигуреникот од договорите за фактуриран, извршен превоз на стоки со сопствени возила.
Странски превземачи во колку истите директно бидат овластени од осигуреникот, а

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

превозот го вршат со сопствени товарни возила ако осигуреникот договорно го презема покривањето односно обезбедувањето на ЦМР осигурување за странски преземачи при издавање на налогот за превоз, за што осигуреникот на барање на осигурувачот треба да даде доказ.

Во колку осигуреникот извршувањето на транспортот го пренесе на трето лице (подпреземач), во тој случај постои субсидерална
- додатна осигурителна заштита.

Со овие Услови е осигуран и превозот на стоки каде е потребен посебен режим на температура, како што се ладилници / фриго- контејнери, само од манифестирани транспортни штети (сообраќајка, пожар, експлозија), додека штети настанати од ризикот расипување се исклучени од осигурување, освен во случаите кога расипувањето на стоката е настанато поради пречекорување на рокот на превозот поради дефект на возилото.
Вонконвенциска одговорност не е покриена со ова осигурување.

## ТЕРИТОРИЈАЛНО ПОКРИТИЕ

**Член 2**

1) Ако е договорено осигурување во домашен транспорт, покритието на осигурувањето се однесува само на случаите до кои би дошло на таа територија, односно во границите на Република Северна Македонија

2) Ако е договорено осигурување во меѓународен превоз, покритието на осигурувањето се однесува само на случаите до кои би дошло на територија на Европа, освен ако во договорот за осигурување не е поинаку договорено.

Територијалното покритие се договара со годишната полиса.

## ОСИГУРИТЕЛНО ПОКРИТИЕ

**Член 3**

Осигурувачот ќе му ги надомести на осигуреникот износите на оштетни побарувања за пријавените - осигураните превози кои тој треба да ги плати по основ на докажана одговорност согласно ставот 1 од Општите одредби на овие Услови.

## ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 4**

(1)Осигурувачот не е во обврска да му надомести штета на осигуреникот иако според законските прописи осигуреникот за тоа е одговорен, а таа настанала како последица на една од следните причини:

1. Лоша намера или груба небрежност.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

Осигурувачот не ја надоместува штетата, која настанала поради лоша намера или груба небрежност на осигуреникот и лицата за кои тој одговара.

2. Свесни постапки спротивни на Законот за безбедност во сообраќајот
Управување со возилото под дејство на алкохол, дрога, пречекорување на дозволеното време на сигурно возење и постапување со стоката, претовар, односно преоптоварување, надминување на габаритот на превозното средство и сл, доколку постои причинско-последична врска помеѓу штетниот настан и кршењето на законските прописи.

3. Располагање на стоката.
Ако испраќачот или приемачот одбие да ја преземе стоката, а осигуреникот без согласност на осигурувачот прифати сам да располага со стоката, осигурувачот не го надоместува делот на штетата кој ќе настане од таа причина.

4. Спогодбено договорен рок за испорака
Со овие Услови не е покриена одговорноста на осигуреникот, ако договорениот рок на превоз е пократок од вообичаениот за таква пратка на таа релација, а штетата настанала како последица од неисполнување на договорениот рок.

5. Неисполнување на спогодбата за превоз Осигурувачот не е во обврска да надомести штета која би настанала ако, осигуреникот заклучил спогодба за превоз па тој превоз не го извршил или поради тоа што се јавил кај корисникот на превозот со задоцнување, а со тоа ја прекршил спогодбата за превоз.

6. Пречекорување на пропишаниот облик и тежина (габарит).
Осигурувачот не е во обврска да надомести штета, ако осигуреникот пропуштил да ги преземе потребните организациони мерки за превоз на максимално дозволените профили и тежини во јавниот сообраќај, а штетата ќе настане поради непочитување на специјалните сообраќајни прописи за дозволен габарит за сигурен превоз (сообраќајен знак за известување на дозволена висина, ширина и носивост на друмско сообраќајен објект).

7. Осигурувачот не е во обврска да надомести штета доколку Осигуреникот врши превоз на стока која:

1. не е прицврстена на пропишаниот начин за прицврстување на тој вид на стока,
2. се превезува во нечисти транспортни садови,
3. поради превоз на непрописно/несоодветно или недоволно пакување на стоката, нејзино редење, несоодветна амбалажа,
4. неисправно/несоодветно распоредување на стоката во возилото, што возачот или овластено лице од превозникот е во обврска да го увиди со неговото присуство при натовар/растовар на стоките и да стави забелешка во товарниот лист.

Доколку поинаку се договори и плати доплатна премија, за штети настанати на уредно пакувана стока/товар која е со надворешна амбалажа и поставена на палети заради причините наведени во точка 7) подточка 7.1 и 7.4 од претходниот став, обврсакта на Осигуреникот е лимитирана (под лимит) до 10% од сумата на осигурување наведена во полисата за осигурување и истата преставува максимална обврска за Осигурувачот по предметниот ризик

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

8. Кражба на стоката

Осигурувачот не е во обврска да ја надомести штетата во случај на кражба на стоката или на дел од стоката што се превезува, доколку:

- возилото со кое се врши превоз на пратката и од кое е извршена кражбата не е оставено на официјално обележано паркинг место наменето за паркирање на таков вид на возила.
- ако остварувањето на ризикот кражба настанало поради тоа што возилото не било заклучено

9. Употреба на дефектно возило за превоз

Осигурувачот не ја надоместува штетата која ќе настане поради дефектна состојба на возилото употребено за превоз од страна на Осигуреникот или поради погрешна постапка или немарност на лицето од кое го изнајмил возилото.

10. Плаќање на застарено побарување

Осигурувачот не ја надоместува штетата, што ја исплатил осигуреникот без согласност на осигурувачот, ако рокот на плаќање законски е застарен.

11. Фиктивни кусоци

Со овие Услови не е осигурана одговорноста на разни непојаснети кусоци, кои не се последица на физичка загуба или кражба на пратката. Според овие Услови,
документите за мерење и вагање не се доказ на физичка загуба или кражба на пратките.

12. Превоз на благородни метали

Превоз на благородни метали (ковани или нековани, преработени или непреработени), скапоцени камења и производи од благородни металии од скапоцени камења, хартии од вредност, валути и други скапоцености, освен ако посебно не се пријават и се превезуваат со вооружена придружба и специјални возила.

13. Превоз на поштенски пратки.

Осигурувачот не ја надоместува штета на поштенски пратки, ако ги превезува осигуреникот.

14. Сопствен имот и предмети

Осигурувачот не надоместува штети на сопствена стока на осигуреникот, личен имот на осигуреникот, неговите вработени или лицата кои ги ангажирал.

15. Превоз на готови пари, музејски и уметнички предмети, нумизматички филателистички збирки, антиквитети и слични предмети.

16. Автомобили кои се превезуваат со специјални возила наменети за превоз на автомобили, освен ако поинаку не се договори.

17. Превоз на ствари при преселба.

18. Превоз за кој Осигуреникот не наплатил возарина.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

19. Оштетување на стоката настаната како резултат на влегување и престојување во делот каде се превезува осигурениот товар на неовластени лица, без разлика дали превозникот е запознаен со тоа или не, освен ако поинаку не се договори и плати доплатна премија.

Обврската на Осигурувачот за горенаведениот ризик е лимитирана (под лимит) до 10% од сумата на осигурување наведена во полисата за осигурување и истата преставува максимална обврска за Осигурувачот по предметниот ризик.

Под поимот влегување и престојување во делот каде се превезува товатор се подразбира насилно оштетување на церадата, вратата или оштетување/отстранување на пломбата од товарниот простор на возилото преку кои неовластени лица влегуваат во делот каде се превезува осигурениот товар.

20. Осигурувачот се ослободува од обврска за плаќање, доколку осигуреникот не ја изврши обврската за пријавување на пратката (стоката) пред запоцнување на превозот, а во меѓувреме настане штета т.е. се докаже дека осигуреникот е виновен.

21. Осигурувачот се ослободува од обврска за плаќање на евентуално настаната штета, доколку при контрола на деловните книги и евиденцијата на осигуреникот се констатира дека грешките т.е неправилностите во Пријавите влијаат на оцена на ризикот, т.е приемот во осигурување.

(2) Согласно овие услови, осигурувањето не покрива загуба, штета, одговорност или трошоци кои се непосредно или посредно предизвикани и кои произлегуваат како последица на:

Виша сила (земјотрес, поплава, гром, луња, снежна лавина, одронување, лизгање земјиште и сл.);

2.2.1 Атмосферски врнежи (пороен дожд и снег) во случај кога тие предизвикале штета на пратката во превозното средство, а причина за тоа е несоодветно заштитени возила приклучни возила на превозникот поради што дошло до навлегување на вода во возилата и оштетување на осигурените предмети

2.2.2 Делување на атомска енергија, хемиско, боилшко, био-хемиско или електромагнетно оружје,

2.2.3 Употреба или операција со било каков компјутер, компјутерски систем, компјутерски софтверски пограм,компјутерски вируси или било кој друг електронски систем како средства кои ја предизвикале штетата;

2.2.4 Припремна, мобилна и воена состојба, побуни, востанија, политички немири, вооружена кражба, терористички актови од сите врсти и сл.;

2.2.5 Штрајк (прекин на работа) или запленување;

2.2.6 Акти на надлежните органи (царина, ветеринарни инспекции и сл.);

2.2.7 Вина на испраќачот или приемачот;

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански“ бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

2.2.8 Опасности поврзани со превоз на стоката во отворени возила;

2.2.9 Потполна или делумна загуба или оштетување на стоката поради нејзините природни својства или маани, како (рѓа, корозија, саморасипување, стврднување поради заситеност на воздухот со влага);

2.2.10 Разбојнички или други напади;

2.2.11 Превземени санитарни или дезинфекциони мерки и сл;

2.2.12 Угинување на живи животни, живина и дивеч при превоз;

2.2.13 Ако стоката се прима на превоз само под одредени услови - предадена на превоз со неисправни, неточни или непотполни ознаки или ако испраќачот ги нема преземено пропишаните мерки и внимание;

2.2.14 Промена на бојата, мирисот и вкусот на стоката, освен во случај на расипување (докажан дефект на термографот) на термокингот од авто ладилници;

2.2.15 Губење на комерцијалната вредност на стоката, освен поради пречекорување на родот на превозот во случај на дефект на возилото;

2.2.16 Молци и други штетници;

2.2.17 Разлика во мерење, освен ако постои документ за официјално мерење на исти начини при натовар и растовар на стоката.

2.2.18 Превоз на веќе оштетени предмети.

2.2.19 Оштетување, кусок или загуба на пратката кои се случиле надвор од договореното територијално покритие на осигурувањето.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРЕНИКОТ

### Член 5

1. На осигуреникот му е должност да ги избере возачите и/или превозниците и другите помошници за извршување, кои совесно ќе ја обавуваат работата и на истата ќе и посветат внимание, а особено:

1.1. Возилата (како и придружната опрема и прибор) редовно и квалитетно да ги одржува, технички да се исправни и истите да одговараат на намената.
1.2. Возачите континуирано да ги обучува за да ги познаваат обврските и правата што произлегуваат од договорот за превоз, ЦМР конвенцијата, Упатството за користење на Тир карнети, упатствата на осигуреникот и осигурувачот.
1.3. Возачите да ги обезбеди со потребните лични и документи за превоз и средства (дозволи, Тир карнети (доколку го поседува), фактури, упатства и сл.) пред почнување на превозот.
1.4. Совесно да води сметка да секој ангажиран возач поседува возачка дозвола која

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

важи во сите држави низ кои поминува, како и таа да важи за категоријата во која спаѓа возилото со кое се врши превозот.

1.5. Совесно да води сметка дека возачот на возилото се наоѓа во добра физичка и психичка состојба, со цел безбедно извршување на планираниот превоз.

1.6. Во меѓународен транспорт за релации подолги од 450 км, за секое возило да има двајца возачи само за Источно- Еврпоските земји.

1.7. По пат на Источно- Европските земји возачите да настојуваат да возат во конвој со други возила и да ноќеваат и да паркираат на јавни паркинзи и царински терминали.

1.8. При натовар и растовар на стоките возачот задолжително да е присутен и да врши правилен квантитативен прием и предавање на стоките,проверка на амбалажата, редењето и прицврстувањето и растоварот на стоките.Ако има недостатоци при натовар и амбалажата да е оштетена да бара испраќачот веднаш да ги отстрани или во спротивно да стави забелешка на товарниот лист за недостатокот при натоварот или растоварот што го вршат други лица.

1.9. Во товарниот лист прецизно, читливо и точно да биде наведена адресата на приемачот на стоката, неговиот телефон. Приемачот треба да има фотокопија на броевите на ЦМР- товарниот лист, Тир карнетот или соодветен царински документ и бројот на пасошот на возачот.

1.10. Да му укаже на возачкиот персонал дека пратките треба да ги испорача само со потврда за плаќање на приемачот ако е предвидено со акредитив.

1.11. По идентифидацијата на приемачот да ја почитува стандардната царинска процедура за да следи дали царинската процедура се извршува во Царината и од надлежни лица.

1.12. По извршената царинска процедура да се заверат товарниот лист и Тир карнетот (или друг царински документ) и возачот стоката да ја предаде на правиот приемач со идентификација на магационерот на приемачот со лична карта и со внесување на податоци од истата во товарниот лист како и местото на растовар.

2. Осигуреникот е должен секоја видлива штета за која постои негова одговорност, да ја утврди со записник при предавање на пратката во присуство на приемачот на пратката и возачот и е должен да побара да се документираат констатираните оштетувања и возилото.

Осигуреникот е должен веднаш или најдоцна во рок од три дена од кога ќе дознае, на осигурувачот да му ја пријави секоја штета која по негова оцена го минува износот од 1000 Еур да ги има во предвид дадените упатства на осигурувачот за ангажирање на хавариски комесар за извид и процена на штетата.

3. Осигуреникот е должен да ги преземе сите потребни мерки за спречување и намалување на штетата.

4. Во случај на кражба, измама при прием и предавање на товарот, сообраќајна незгода или насилно влегување и престојување на неовластени лица во делот каде се превезува товарот, Осигуреникот е должен таквиот настан веднаш да го пријави на полиција во најблиското место или на друг надлежен орган и за таквите пријави да му приложи доказ на осигурувачот.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

## ПРЕМИЈА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 6**

Кај овој вид на осигурување под осигурителна заштита спаѓаат превози со товарни возила, (камионски, камионски/контејнерски и возила за превоз на стоки каде е потребен посебен режим на температура како што се ладилници/фриго контејнери).

Пред да започне превозот осигуреникот има обврска да го пријави превозот на пратката (стоката) на осигурувачот по е-маил и телефонски да го потврди.

Пријавата треба да ги содржи следните податоци:

- Превозното средство и бројот на регистрацијата;
- Датум на поаѓање
- Место на отпрема
- Одредишно место

Видот на стоката (нормална или стока со ладење)
Информација - податок дали превозникот има ЦМР осигурување кај осигурувачот или во друго осигурително друштво.

Осигуреникот е должен да води месечна евиденција за сите ангажирани возила за превоз и на осигурувачот да му доставува список на возила кои ќе ги ангажира, до 10-ти во тековниот месец за изминатиот месец.

Премијата за осигурување, осигурувачот ја пресметува на основа месечните пријави за прометот, Табелата за висина на превознината за камионски превоз на стоки утврдена од страна на осигурувачот која се употребува како основица за пресметка на премијата, а која е составен дел на Понудата т.е Полисата за осигурување и пресмиската стапка наведена во полисата, а утврдена во зависност од висината на осигурителното покрите.

Пресметаната премија врз основа на превознината од Табелата за висина на превознина за камионски превоз на стоки, осигуреникот е должен да ја плати во рок од 14 дена од датата на фактурирање, по исцрпување на минималната премија.

Ако осигуреникот не ја плати премијата за осигурување во договорениот рок, осигурувачот се ослободува од обврската за плаќање во случај на настаната штета по вина на осигуреникот.

## ПРАВО НА КОНТРОЛА

**Член 7**

Осигурувачот има право на преглед на деловните книги и евиденцијата на осигуреникот со цел да провери дали правилно и точно се пријавуваат податоците во Пријавата за осигурување која се доставува на осигурувачот за секој поединечен превоз. Ако констатира грешки во пријавите за осигурување кои влијаат на пресметката на премијата, осигурувачот пресметува дополнителна премија.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

Осигурувачот е должен да ги чува како деловна тајна податоците кои ќе ги сознае при прегледот на деловните книги и евиденцијата на осигуреникот.

## КОНСТАТИРАЊЕ И ПРИЈАВУВАЊЕ НА ШТЕТИ

**Член 8**

Осигуреникот е должен секоја видлива штета, која е покриена со осигурување, да ја утврди записнички на вообичаен начин, со учество на приемачот односно корисникот на превозот пред предавање на пратката и за истото веднаш да го извести осигурувачот и да ги почитува неговите упатства.

Осигуреникот е должен да ги превземе сите потребни мерки за спречување, односно намалување на штетата.

Секој случај на кражба на пратката, сообраќајна незгода, пожар или насилно влегување и престојување на неовластени лица во делот каде се превезува товарот Осигуреникот треба веднаш да го пријави на Полицијата и записникот за тоа да му го предаде на осигурувачот.

Доколку Осигуреникот намерно или со крајно невнимание ги повреди обврските од овој член, осигурувачот може да се ослободи од обврската да му ги надомести штетите што ќе настанат поради тоа.

## ДОСТАВУВАЊЕ НА ОШТЕТНО БАРАЊЕ

**Член 9**

Ако оштетената странка поднесе отштетно барање, осигуреникот е должен веднаш барањето да му го достави на осигурувачот заедно со сите документи и податоци потребни за ликвидација на штета како што се:

- Пријава за штета
- Оштетно барање на оштетеното лице
- Превозни документи (товарен лист, договор)
- Царинска фактура или друг доказ за вредноста на пратката
- Писмена изјава на возачот за причината и околностите за настанување на штетата
- Записник - хавариски сертификат за процена на штетата
- Докази врз основа на кои може да се утврди постоење или непостоење одговорност на осигурената страна за настанатата штета записник од полиција, ако настанала сообраќајна незгода, кражба на пратката, пожар или насилно влегување и престојување на неовластени лица во делот каде се превезува товарот.
- Докази и изјави кои осигурувачот ќе ги побара за појаснување на отштетното побарување.

Ако од околностите за настанатата штета или од поднесената документација не може со сигурност да се утврди одговорноста на осигуреникот за настанатата штета или за нејзината висина, осигурувачот е должен да му даде упатство за правните и други мерки, кои треба да ги преземе со цел да се заштити од недокажани, неосновани или преголеми оштетни барања.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

Осигуреникот е должен како добар стопанственик да ги преземе сите потребни мерки со цел да се заштити од неосновани побарувања. За преземените мерки без одлагање треба да го извести осигурувачот.

## БАРАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ

**Член 10**

Осигуреникот е должен пред превземање на било какви дејствија со кои признава обврска за надомест на штетата, да го извести и побара согласност од осигурувачот и да се придржува на неговите упатства.

Ако осигуреникот не постапи спрема одредбите од предходниот став, осигурувачот може да ја одбие исплатата на штетата, целосно или делумно доколку смета дека осигуреникот не бил одговорен за настанатата штета или неговата одговорност е помала од онаа која ја признал.

Одредбите од претходниот став се применуваат и на случаите кога одговорноста на осигуреникот е утврдена во судски или арбитражен спор за кој осигуреникот благовремено не го известил осигурувачот, а осигурувачот ставил оправдана примедба во врска со водење на спорот.

## ВИСИНА НА ОШТЕТА

**Член 11**

Висината на штетата за целосна или делумна загуба на пратките се утврдува според вредноста на предметите и фактурата на продавачот, а доколку таква вредност нема, тогаш по пазарната вредност во време и место на утовар, во границите на законскиот лимит за ограничена одговорност, но максимум до висината на осигурителното покритие.

Надоместот на штета се пресметува во денарска противвредност по среден курс на валутата на денот на исплатата на штетата.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 12**

Во случај на штета за која не постои одговорност на осигуреникот согласно овие Услови, а превозот е пријавен и премијата платена, осигурувачот е должен да изврши надомест на штета на осигуреникот во рок од 14 дена по целосното документирање на оштетното побарување и утврдувањето на обврските на осигурувачот.

По истек на рокот од став 1 осигурувачот плаќа законска камата.

## БОНУС И МАЛУС

**Член 13**

Врз основа на овие Услови, осигуреникот има право на бонус и малус во зависност од постигнатиот технички резултат кој се утврдува по истекот на 1 (една) година осигурување.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

За позитивен меродавен технички резултат до 50% во изминат осигурителен период се одобрува бонус од 5% од техничката премија.

Бонусот се одобрува од договорената и наплатената премија за период од 1 (една) година на осигурување.

Бонусот за изминатиот осигурителен период се одобрува како учество во позитивниот меродавен технички резултат при склучување на осигурувањето за наредниот осигурителен период.

Ако Осигуреникот го промени Осигурувачот, при обнова на полисата му се признава право на бонус ако пред почетокот на важност на новиот договор за осигурување, донесе претходна полиса за осигурувње или потврда издадена од страна на претходниот Осигурувач за немање на штети во претходните години на осигурување. Доколку Осигуреникот не може да обезбеди потврда од претходниот Осигурувач, тогаш во тој случај при склучување на нов договор за осигурување (полиса), Осигуреникот е должен да потпишеизјава во која под морална и материјална одговорност ќе наведе дека немал штети во претходните осигурителни години.

Пренос на бонусот не може да се врши кај осигурувањата кои се претходно склучени со скаденца помала од 1 (една) година.

Малус, односно доплатната премија се пресметува и осигуреникот се задолжува со истата по истекот на тековната година ако меродавниот технички резултат изнесува над 100%.

Малусот односно доплатната премија изнесува најмалку:

- 5% ако меродавниот технички резултат е до 120%;
- 10% ако меродавниот технички резултат е над 120%.

## ФРАНШИЗА

### Член 14

Осигурувачот ќе ја надомести настанатата штета поради сообраќајна незгода, пожар и експлозија без франшиза ако поинаку не е договорено во Полисата за осигурување.

Во случај на погрешно предавање на стоката поради измама на возачите, во случај на кражба на стоката (освен докажана разбојничка кражба) или насилно влегување и престојување на неовластени лица во делот каде се превезува товарот осигуреникот учествува со 20% од настанатата штета.

Во сите други случаи франшизата ќе изнесува во висина на природната загуба (кало, крш, растур) за кој дел согласно законските прописи, узансите и условите за осигурување не одговара превозникот.

## РЕГРЕСНО ПРАВО

### Член 15

Со исплатата на штетата, на осигурувачот му преминуваат сите права кои осигуреникот ги имал према лицата одговорни за настанување на штетата.

Осигуреникот е должен навремено да ги преземе сите потребни мерки за обезбедување

на регресните права кон лицата одговорни за штетата.

Ако Осигуреникот не постапи согласно претходниот став, осигурувачот има право да го намали надоместокот за штета, пропорционално на висината на износот на неостварeното регресно право, или во целост да не го исплати надоместокот за штета.

## ЗАБРАНА ЗА НЕТОЧНО ПРИКАЖУВАЊЕ СОДРЖИНАТА НА ДОГОВОРОТ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРЕВОЗОТ

**Член 16**

Со овие Услови е покриена одговорноста на осигуреникот т.е. превозниците за штети на стоки примени на превоз. Поради тоа осигуреникот не смее да истапува према корисниците на превозот дека е осигурана стоката, со што ќе го доведе во заблуда сопственикот на стоката дека со овие Услови наполно се осигурани и неговите интереси.

Сите штетни последици, кои со вакво тврдење би ги произвел Осигуреникот доведувајќи го корисникот на превозот во заблуда, ќе паднат на негов терет, без било какво право тој да се повика на склучениот Дог вор за осигурување на неговата одговорност врз основа на овие Услови.

## ПРАВО НА ПРИГОВОР

**Член 17**

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето можат да доставaт приговор до Комисијата за доброволни осигурувања формирана кај осигурувачот.

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето по извршено постапување од претходниот став, можат да доставaт приговор во однос на осигурувачот до Агенција за супервизија на осигурување, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 18

Составен дел на овие Услови е Табелата за висината на превознината за камионски превоз на стоки потребна за пресметка на премија по ЦМР осигурување кај организатори на превоз.

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Осигуреникот, односно договорувачот, доколку е физичко лице, има право да поднесе жалба во однос на осигурувачот, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурувањето и застапниците во осигурувањето, до Агенцијата за супервизија на осигурување како надлежен орган на супервизија на друштвата за осигурување, согласно со Законот за супервизија на осигурувањето.

Во случај Осигурувачот и Осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, Осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од Осигурувачот, до Второстепена комисија за решавање на штети по приговор.

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основниот граѓански суд Битола.

Овие Услови влегуваат во сила по нивното донесување.